МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

# ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ/КА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈА И СТРАТЕГИЈА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ВЛАДАТА НА РСМ

## Позадина

Првата Стратегија за Транспарентност на Владата на Република Северна Македонија со акциски план (2019-2021) (во понатамошниот текст: Стратегија за транспарентност) беше усвоена во ноември 2019 година, по шестмесечен период на консултации и истражувања во врска со нејзиниот делокруг и содржина. Фондацијата Метаморфозис активно и континуирано ја оценува отвореноста на институциите и затоа го следеше спроведувањето на акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, со цел да се утврди реализацијата на заложбите за унапредување на транспарентноста, односно активната транспарентност на институциите. Следењето покажа дека неопходно е да се продолжи со подобрување на транспарентноста и отчетноста на државните институции, што беше констатирано и преку добиените резултати од Индексот на отвореност на Фондацијата Метаморфозис, кој континуирано го спроведува со мрежата ACTION SEE.

Оттука, Фондацијата Метаморфозис и Владата на Република Северна Македонија претставувана од вицепремиерката задолжена за политики за добро владеење, Славица Грковска, во февруари 2023г. воспостави соработка за подготовка на нова Стратегија за транспарентност на Владата.

## Делокруг на работата

Целта на ангажманот на експертот е да развие методологија за подготовка на Стратегија за транспарентност и да креира Стратегијата за транспарентност со акциски план во соработка со воспоставената работната група.

Попрецизно, од избраниот експерт се очекуваат следните активности:

1. Преглед на тековната состојба

Клучниот експерт ќе направи анализа на тековната состојба, земајќи ги предвид последните мерења од Индексот на отвореност и мониторинг извештаите за спроведувањето на акциските планови на Стратегијата за транспарентност (2019-2021). Експертот ќе направи анализа на политики, законски и подзаконски акти кои ги уредуваат принципите на транспарентност и ќе изготви стандардизиран прашалник за спроведување на минимум 20 интервјуа со претставници од засегнатите страни (иматели на информации и барачи).

Експертот ќе направи преглед на политиките за транспарентност и отвореност во останатите секторски политики и важечки стратегии. Прегледот на тековната состојба

треба да резултира со дефинирање на приоритетни области што Стратегијата за транспарентност треба да ги опфати.

2. Изработка на Стратегијата за транспарентност

Како резултат на анализата од точка 1, и серијата на консултации и средби со работната група, ангажираниот експерт, се очекува да ја подготви Стратегијата за транспарентност. Избраниот експерт треба да предложи ефикасен механизам за следење на спроведувањето на акцискиот план на Стратегијата.

3. Координативни и консултативни активности

Избраниот експерт ќе биде редовен член на работната група и ќе ги следи и собира повратните информации и ставови од групата за развивање на Стратегијата. Избраниот експерт ќе работи во координација со тимот на Фондација Метаморфозис и кабинетот на вицепремиерката за политики за добро управување.

4. Развивање на акциски план за спроведување на Стратегијата за транспарентност

Избраниот експерт во соработка со работната група, ќе предложи детално разработена структура на акциски план соодветна на Стратегијата за транспарентност со мерливи и релевантни индикатори.

## Временска рамка на активности

Работните активности треба да се реализираат во периодот од февруари до јули 2023 година.

| **Активност** | **Краен рок** |
|---|---|
| Учество на работни средби на работната група за изработка на Стратегијата за транспарентност и интервјуа со засегнати страни | 31 март 2023 |
| Нацрт – Стратегија за транспарентност | 10 април 2023 |
| Учество на јавни расправи за нацрт - Стратегијата | 30 април 2023 |
| Финализирање на Стратегијата за транспарентност | 31 мај 2023 |
| Подготовка на акциски план за Стратегијата за транспарентност | 31 мај 2023 |
| Учество на презентација на Стратегијата за транспарентност | 30 јуни 2023 |

## Потребни квалификации и начин на пријавување

Избраниот експерт за развивање на методологија и Стратегија на транспарентност треба да ги исполнува минимум следниве квалификации:

Општо професионално искуство

- Минимум 5 години работно искуство од областа на транспарентноста и отчетноста на институциите на национално ниво.

Специфично професионално искуство

- Минимум 2 години работно искуство во областа на анализа на законски рамки и изработка на препораки за јавни политики.

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:

- Професионална биографија;
- Финансиска понуда;
- Примерок од претходно изработени анализи на слична или иста тема.

Документите за аплицирање треба да се достават на следната е-маил адреса:

marijana@metamorphosis.org.mk најдоцна до 16 часот, 23 февруари 2023 година.

## Критериуми за оценување

Оценувањето ќе биде 50% според финансиската понуда и 50% според претходното релевантно работно искуство.

## Финансиски надомест

Буџетот наменет за овој повик изнесува бруто 3.000$ (американски долари) во денарска противвредност и ќе биде исплатен еднократно по завршување на договорените обврски.

*Активностите се дел од проектот **„Транспарентност и отчетност на државните институции во РСМ“** кој го спроведува Фондација Метаморфозис со финансиска поддршка од Фондација Отворено општество-Македонија.*